# Д Е Л О В Н И К

## ЗА

## РАБОТА НА СЕНАТОТ

**Скопје, декември 2018**

Согласно член 94, точка 32 од Законот за високото образование и член 48, алинеа 32 од Статутот на Првиот приватен универзитет - ФОН, Сенатот, на седницата одржана на 25.12.2018 година го донесе следниот:

# Д Е Л О В Н И К   З А   Р А Б О Т А

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

**Член 1**

Со овој деловник се уредуваат начинот на закажување на седниците на Сенатот, начинот на работа и одлучување, како и за правата и обврските на членовите на Сенатот.

## II. СЕДНИЦИ НА СЕНАТОТ

### 1. Закажување на седниците

**Член 2**

Седниците на Сенатот ги закажува неговиот претседател.

Доколку постои иницијатива на најмалку 2/3 од неговите членови, ректорот или основачот, претседателот на Сенатот е должен да закаже седница, со дневен ред предложен од иницијаторите.

Доколку претседателот на Сенатот одбие да закаже седница согласно претходниот став од овој член, во рок од три дена, седницата ја акажуваат иницијаторите.

**Член 3**

Седниците на Сенатот се одржуваат најмалку еднаш месечно.

За итни и неодложни прашања, кога тоа го налагаат објективни услови, седница на Сенатот може да се одржи уште еднаш во текот на месецот.

**Член 4**

Седниците на Сенатот се закажуваат најмалку 5 дена пред одржувањето на седницата.

Во исклучителни ситуации, кога тоа го налага итноста на постапувањето, согласно член 3, став 2 од овој Деловник, седницата може да се закаже и во покус период.

**Член 5**

Седниците на Сенатот се свикуваат со писмено известување.

Известувањето содржи датум, час и место на одржување на седницата, како и дневниот ред кој се предлага.

Писмените известувања се доставуваат до сите членови на Сенатот.

Со писмените покани се доставуваат и документи, предлог документи и други материјали потребни за одржување на седницата.

За закажувањето на седницата може да бидат известени и основачот, директорот или други лица, гости или експерти од одредена област.

## 2. Тек на седниците

**Член 6**

Со седниците на Сенатот претседава неговиот претседател.

Доколку седницата на Сенатот ја закажале иницијаторите, согласно член 2, став 4 од овој Деловник, а претседателот на Сенатот не присуствува на седницата, со истата претседава членот на Сенатот со највисоко наставно-научно звање, а ако има повеќе членови на Сенатот со еднакво наставно-научно звање, со седницата ќе претседава највозрасниот од нив.

Членот на Сенатот од претходниот став на овој член претседава со седницата и ако истата ја закажал претседателот на Сенатот, но, од било кои причини, не присуствува на седницата.

Доколку претседателот на Сенатот подоцна се приклучи на седницата, тој продоклжува со нејзиното претседавање.

Претседателот на Сенатот кој подоцна се приклучил на седницата може да дозволи со истата да продолжи да претседава дотогашниот претседавач, до нејзиното завршување или до исцрпување на дискусиите по одделни точки.

**Член 7**

Најнапред претседателот на Сенатот утврдува колку членови на Сенатот се присутни и дали го има потребното мнозинство за полноправна работа и одлучување.

Сенатот може да работи и полноправно да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од неговите членови.

**Член 8**

Доколку на седницата не присуствуваат доволен број членови за полноправно работење и одлучување, седницата се презакажува, за не подого од 24 часа.

Членовите на Сенатот кои не присуствувале на седницата, за нејзиното презакажување се информираат усно, по телефон, преку електронска пошта или на друг погоден начин.

**Член 9**

Откако ќе се утврди дека на седницата присуствуваат потренбниот број членови на Сенатот за полноправно работење и одлучување се утврдува дневниот ред.

Дневниот ред се прифаќа како шпто е предложен од страна на претседателот на сенатот или со негови измени и дополнувања.

**Член 10**

По утврдувањето на дневниот ред, се расправа по сите точки, по редоследот кој е утврден.

Секоја точка од дневниот ред кусо ја образложува претседателот на Сенатот, предлага соодветни заклучоци и отвора дискусија.

**Член 11**

Претседателот на Сенатот им дава збор на пријавените дискутанти по редот по кој се пријавиле.

Пред да му даде збор на наредниот дискутант, претседателот на Сенатот ќе му овозможи реплика на спомнатиот во дискусијата. Дискутантот има право на дуплика. Во ваков случај претседателот на Сенатот води сметка расправата да не премине во дијалог или меѓусебна вербална расправија.

Пред да му даде збор на наредниот дискутант, претседателот на Сенатот може да побара појаснување или информација од претставници на стручните служби кои се присутни на седницата.

Појаснување или информација од претставници на стручните служби кои се присутни на седницата, претседателот на Сенатот може да побара и пред и по исцрпувањето на сите дискусии по таа точка од дневниот ред.

**Член 12**

При дискусиите претседателот на Сенатот води сметка дискутантите да не се оддалечуваат од темата на дискусија и за разумното време за дискутирање или реплицирање.

Претседателот на Сенатот ќе ја прекине дискусијата и ќе му го одземе зборот на дискутантот кој не се придржува на темата, непотребно временски одолговлекува со дискусијата или се однесува непристојно.

**3. Одлучување**

**Член 13**

Сенатот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

Сенатот одлучува со мнозинство од 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот доколку тоа го налага Законот или доколку за тоа одлучи Сенатот.

**Член 14**

Доколку за одлучување нема потребно мнозинство согласно член 7, став 2 од овој Деловник, одлучувањето ќе се одложи.

Откако ќе се обезбеди потребното мнозинство за одлучување се преминува на гласање, без повторна дискусија.

**Член 15**

Сенатот, по правило, одлучува со јавно гласање.

Гласањето е тајно доколку тоа го налага Законот или доколку за тоа одлучи Сенатот.

**4. Записник**

**Член 16**

За седницата на Сенатот се води записник.

Записникот се усвојува на една од наредните седници.

Усвоениот записник го потпишува претседателот на Сенатот.

**Член 17**

Доколку некој од членовите на Сенатот не се слага со оодделна одлука, по негово барање, неговото мислење може да биде посебно наведено во записникот.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕНАТОТ

### Член 18

Членовите на Сенатот имаат право да:

- предлагаат измени и дополнувања на предложениот дневен ред;
- дискутираат по секоја точка од дневниот ред;
- реплицираат на дискутантот;
- предлагаат одлуки, заклучоци или ставови;
- предлагаат донесување, дополнување, менување или укинување на општи акти на Универзитетот;
- членуваат ва комисии и тела на Сенатот.

### Член 19

Членовите на Сенатот се должни да присуствуваат на седниците на Сенатот и да придонесуваат во неговата работа.

Претседателот на Сенатот ќе го опомени членот на Сенатот кој неоправдано изостанал од неговата седница.

Доколку неоправданото отсуство се повтори и по опомената, претседателот на Сенатот е должен на предложи поведување на дисциплинска постапка пред соодветните органи на Универзитетот.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 20

Сите одредби од овој Деловник кои се однесуваат на претседателот на Сенатот соодветно се применуваат на членот на Сенатот кој претседава со седница на Сенатот.

### Член 21

Овој деловник влегува во сила следниот ден по објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Скопје. ____________** **Претседател на Сенатот**

______________________

**проф. д-р Оливер Илиев**